Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 27.05.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 22 | 5/3 | / | / |

Архивски број: 13-4467/2
Датум: 22-05-2026 година

До: Влада на Република С. Македонија
Генерален секретаријат

Предмет: Мислење
Врска: Ваш број 22-5/2 од 07.05.2026 година

Почитувани,

По однос на Деловниот и финансискиот извештај за 2025 година на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Министерството за финансии во рамки на своите надлежности, Ве известува за следното:

Согласно член 85 став (1) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република С. Македонија“ бр.239/22), организацијата со статус од јавен интерес е должна за својата работа еднаш годишно да поднесе деловен и финансиски извештај за својата работа до Владата на Република С. Македонија за усвојување најдоцна до 30 Април во тековната година за претходната година.

Во ставот (2) од горенаведениот член е уредено дека, извештаите се поднесуваат согласно обрасците пропишани со Правилникот за образецот за формата и содржината на деловниот и финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/11). Финансискиот извештај доставен од Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија не е поднесен на пропишаниот образецот согласно горенаведениот Правилник.

Врз основа на презентираните податоци, Сојузот во текот на 2025 година остварил приходи во вкупен износ од 10.407.360,00 денари, во кои најголемо учество од 88,6% (9.226.956,00 денари) имаат приходите остварени по основ на членарини.

Во делот на расходите, Сојузот во текот на 2025 година, реализирал расходи во вкупен износ од 9.672.952,00 денари, во кои најголемо учество од 51,1% (4.942.760,00 денари) имаат расходите реализирани на ставката Конференции, семинари и работилници. Изминатата година, Сојузот остварил вишок на приходи во износ од 703.408,00 денари.


Министерство за финансиина
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Согласно член 86 став (1) од Законот за здруженија и фондации, здружението или фондацијата со статус од јавен интерес чиј годишен буџет е над 20.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република С. Македонија е должно да изврши независна годишна ревизија на своето финансиско работење, а ако има буџет над 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република С. Македонија, е должно да изврши ревизија во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

Ревизија на финансиското работење на Сојузот за 2025 година е извршена од страна на друштвото за ревизија Крестон Македонија Скопје. Според Извештајот на независниот ревизор, финансиските извештаи на Сојузот ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти финансиската состојба на Сојузот за 2025 година. Извештајот од извршената ревизија поднесен од Сојузот во прилог на деловниот и финансискиот извештај не е комплетен.

Имајќи го предвид горенаведеното, Министерството за финансии укажува на потребата Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија до Владата на Република С. Македонија да поднесе финансиски извештај согласно пропишаниот образец и комплетен извештај од извршената ревизија. По однос на деловниот извештај, Министерството за финансии нема забелешки.

Со почит,

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

Изготвил: Зејније Елмази
Контролирал: Марина Станојкова Арсовски
Орнела Трајкоска Пендевска
Одобрил: Иван Недев

Проверил: Марјана Стефановска

Согласен: д-р Андриана Матлиоска


Министерство за финансиина
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk